# Сиљановска-Давкова на отворањето на 65. Струшки вечери на поезијата: Време е за катарза на човештвото

24 јуни 2026 | Соопштенија



Претседателката Гордана Сиљановска-Давкова вечерва во Центарот

Политика за колачиња

Оваа веб-страница користи „колачиња“, за да го подобри корисничкото искуство. Доколку ги прифаќате условите притиснете „Се согласувам“.

Не се согласувам

Се согласувам

на убавата реч, нарекувајќи го „најпоетскиот град на планетата“, каде песните создаваат култура и трајни духовни вредности.

Во своето обраќање, таа истакна дека веќе 65 години Струшките вечери на поезијата ги поврзуваат меридијаните и го обединуваат светскиот поетски сој во Струшката бунтовна република на поетите, којашто се залага за подобар и похуман свет.

Сиљановска-Давкова потсети на минатогодишното прашање за смислата на поезијата во време на војни, конфликти, дигитализација и отуѓување, оценувајќи дека и покрај сѐ поизразеното влијание на алгоритмите и вештачката интелигенција, поезијата и натаму ја задржува моќта да го менува човекот и општеството.

„Бедата на светот и отчовеченото до непрепознавање човештво, не се искоренети и сѐуште се тука, дури и повидливо од лани. Не е доволно да ги покриваме очите и да се затскриваме. Време е да се соочиме со бедата на светот, нашата човечка беда. Време е за катарза, клекнати пред ѕидот на срамот, подолг и од Кинескиот“, порача таа.

Посочувајќи дека книжевноста не е само естетски израз, туку и форма на општествен бунт, претседателката ги истакна пораките од творештвото на овогодишната лауреатка Анеке Брасинга.

На крајот од обраќањето, таа рече дека присуството на фестивалот за неа не е само церемонијална и протоколарна претседателска должност, туку претставува привилегија и радост, по што официјално ги прогласи 65. Струшки вечери на поезијата за отворени.

*Во продолжение е интегралниот текст од обраќањето на претседателката.*

## Политика за колачиња

**Оваа веб-страница користи „колачиња“, за да го подобри корисничкото искуство. Доколку ги прифаќате условите притиснете „Се согласувам“.**











**Почитуван директор на Струшките вечери на поезијата, г. Никола Кукунеш,**
**почитуван министер за култура и туризам, г. Зоран Љутков,**
**почитувани поети,**
**ценети присутни,**
**драги стружани,**

Да се биде во Струга, е дар за сетилата и мелем за душата, не само за Констатин Миладинов, туку и за мене. Струга сѐ уште е град на убавите струшки моми и град во којшто еснафот сака да има дуќан.

Во Струга завршува љубовната идила и прегратка на Охридското

## Политика за колачиња

**Оваа веб-страница користи „колачиња“, за да го подобри корисничкото искуство. Доколку ги прифаќате условите притиснете „Се согласувам“.**

Веќе 65 лета, овој поетски дом поврзува меридијани, го соединува и обединува светскиот поетски сој со љубителите и почитувачите на убавата реч во старата, но витална Струшка бунтовна република на поетите, кои се борат за подобар и похуман живот.

Шест и пол децении сме благословени да бидеме домаќини на мајсторите на јазикот и алхемичарите на мислата, преточувајќи ги во естетика и етика.

Струга видела и неа ја виделе многубројни врвни учесници и лауреати на Златниот венец, поетски роднини на Прличев. Нивните имиња се посеани во Паркот на поезијата, заедно со засадените дрвја, како верни сведоци на безграничноста на поезијата. Благодарение на нив и на неа, ја победуваме ефемерноста на настаните и нештата што нѐ вознемируваат и нервираат со вечноста на духот.

И годинава, овде во Домот на поезијата „Браќа Миладиновци“ сведочиме за едноставноста и скромноста на маговите на зборот, кои рецитираат небаре водат битка на живот и смрт, нѐ тревожат или галат, отвораат универзуми, нѐ соочуваат со болните вистини, нѐ фрлаат или спасуваат од водите на Дрим, небаре јагули желни за Саргасовото Море, нѐ учат и поттикнуваат на непокор, слобода, пркос, чувствителност и мудрост.

Како езерски самовили, Струга и Охрид се сакаат, разбираат и си помагаат, па стиховите традиционално ќе ја исполнат и Света Софија, како и црковните бисери, Св. Наум и Св. Богородица Перивлепта, зазвучувајќи божествено со божјиот благослов.

Драги поетски пријатели,

## Политика за колачиња

**Оваа веб-страница користи „колачиња“, за да го подобри корисничкото искуство. Доколку ги прифаќате условите притиснете „Се согласувам“.**

и патетична ПР солидарност, страотна рамнодушност и апатија, како и вулкански ерупции на гнев и омраза...

И покрај наездата од алгоритми и сурова вештачка интелигенција, сепак, поверував дека поезијата сè уште има моќ да го менува, па и да го спаси светот, како што рече Жан Пјер Симеон. Затоа сум пак тука, „за да го чуеме и почувствуваме чудниот глас што не може и не сака да исчезне“, како што рече минатогодишниот лауреат Иван Штрпка.

Големиот Андре Бретон, творецот на надреализмот, пред речиси осум децении во неговата „На патот за Сан Романо“, напиша дека „поетската како и љубовната прегратка го покриваат погледот на бедата на светот“. Инаку ако побарате од семоќната и сеумната вештачка интелигенција да ви го најде македонскиот препев на оваа песна, ќе останете без одговор, па ви остануваат старите, верни библиотеки и книги.

Бедата на светот и отчовеченото до непрепознавање човештво, не се искоренети и сè уште се тука, дури и повидливо од лани. Не е доволно да ги покриваме очите и да се затскриваме. Време е да се соочиме со бедата на светот, нашата човечка беда. Време е за катарза, клекнати пред ѕидот на срамот, подолг и од Кинескиот.

Но уметноста е буревесник. Книжевноста била и останува да биде не само естетски, туку и општествен бунт. Звучам утописки?

Еве што велат стиховите на нашата овогодишна лауреатка, венценоска Анеке Брасинга во песната „Кракотрајно“.

„Само атомите и празнината се бесмртни“,
рече Лукрециј. Она што нè врзува е тоа што сите

## Политика за колачиња

**Оваа веб-страница користи „колачиња“, за да го подобри корисничкото искуство. Доколку ги прифаќате условите притиснете „Се согласувам“.**

со краткотрајната сила на слабото,
во особената случајност
на оваа телесна средба, во радоста
што сите атоми ги надминува.

Дозволете на крајот, уште еднаш да потенцирам дека, за мене, можноста да бидам со вас не е само церемонијална и протоколарна претседателска должност. Таа е привилегија и радост.

Затоа, со особена чест и задоволство ги прогласувам 65. Струшки вечери на поезијата за отворени.

Да уживаме во поезијата страсно!

## Категории

Соопштенија
Средби
Обраќања
Интервјуа
Фотографии
Видеа

## Последни вести

**Политика за колачиња**

**Оваа веб-страница користи „колачиња“, за да го подобри корисничкото искуство. Доколку ги прифаќате условите притиснете „Се согласувам“.**



## Средба на Силјановска-Давкова со Луис Гарсија Монтеро, директор на Институтот „Сервантес“

24.06.2026 | Соопштенија



Политика за колачиња

Оваа веб-страница користи „колачиња“, за да го подобри корисничкото искуство. Доколку ги прифаќате условите притиснете „Се согласувам“.

## Сиљановска-Давкова постхумно ја одликуваше Наде Проева со Орден „8 Септември“

23.06.2026 | Соопштенија




## Обраќање на претседателката Сиљановска-Давкова на конференцијата на претседатели на врховни судови од Централна и Источна Европа

22.06.2026 | Соопштенија

## Политика за колачиња

**Оваа веб-страница користи „колачиња“, за да го подобри корисничкото искуство. Доколку ги прифаќате условите притиснете „Се согласувам“.**



### Изјава за медиуми и одговор на новинарски прашања на настанот „Конференција на претседатели на врховни судови од Централна и од Источна Европа“

22.06.2026 | Интервјуа



## Политика за колачиња

**Оваа веб-страница користи „колачиња“, за да го подобри корисничкото искуство. Доколку ги прифаќате условите притиснете „Се согласувам“.**

**Промовирана иницијативата за зачувување, обновување и одржлив развој на Галичник**

19.06.2026 | Соопштенија




## Политика за колачиња

**Оваа веб-страница користи „колачиња“, за да го подобри корисничкото искуство. Доколку ги прифаќате условите притиснете „Се согласувам“.**